**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „МЕХАНИЧКИ СВОЈСТВА НА ТЕКСТИЛНИ МАТЕРИЈАЛИ” ОД АВТОРИТЕ ВОН. ПРОФ. Д-Р ДИМКО ДИМЕСКИ И ВОН. ПРОФ.Д-Р ВИНЕТА СРЕБРЕНКОСКА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2802-50/5 од 16.4.2014 г. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет одржана на 16.4.2014 г. година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Горан Дембовски, редовен професор на Технолошко- металуршки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ –Скопје;
– д-р Светлана Ристеска, доцент на Институт за современи композити и роботика, Прилеп,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МЕХАНИЧКИ СВОЈСТВА НА ТЕКСТИЛНИ МАТЕРИЈАЛИ**” од авторите **вон. проф. д-р Димко Димески** и **вон. проф. д-р Винета Сребренкоска,** наменет за студентите од прв и втор циклус студии при Технолошко-технички факултет на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Е-учебникот „**Механички својства на текстилни материјали“** е наменет за студентите од втор циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет за предметот Механички својства на текстилни материјали со фонд на часови 2+1+1 на студиската програма Индустриски дизајн на текстил. Одредени поглавја од учебникот се наменети за додипломските студии по предметите: Испитување на текстилот, со фонд на часови 3+2+2 и Технологија на текстил, со фонд на часови 2+2+1.

**Податоци за обемот ракописот**

Е-учебникот се состои од четири целини:

1. Современа структура на текстилни влакна; 2. Дефиниција на механичките карактеристики; 3. Механички карактеристики на влакна; 4. Фактори што влијаат врз резултатите од тестот.

Ракописот се состои од 238 страници, поделени на 41 тематски целини со 214 слики и 30 табели.

Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и во целост ја покрива наставната материја предвидена за оптовареност од 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часови по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Механички својства на текстилни материјали на ТТФ при УГД не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Првата глава од овој учебник е посветена на структурата на влакната, во втората глава се дефинирани сите релевантни механички карактеристики за текстилните материјали и начинот на нивно тестирање, во третата глава се презентирани механичките карактеристики на најзастапените текстилни и технички влакна, како и

нивните компаративни разлика и во последната, четврта глава, се дефинирани факторите кои влијаат врз механичките карактеристики на влакната и какво е нивното влијание врз поединечните влакна.

## ЗАКЛУЧОК

Е-учебникот е напишан на јасен и разбирлив јазик со технички прецизни дефиниции и јасни процедури за механички својства на текстилни материјали.

Сите ознаки и единици во текстот и задачите се во склад со меѓународниот систем на мерни единици.

Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Механички својства на текстилни материјали на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип не е објавен.

Квалитетот на е-учебникот од педагошки и научен аспект е соодветен за студентите на прв и втор циклус студии.

Заради тоа е-учебникот го категоризираме како **рецензиран е-учебник.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Горан Дембоски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Светлана Ристеска, доцент, с.р.**

.